РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено | 19.02.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 34/1 | | |

( Образец ПП......)
До Општина Битола
(имател на информацијата)

# БАРАЊЕ
## за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Врз принципите на заложба за дигитализација на јавните услуги на општинско ниво, Ве молиме да ни доставите информација кои услуги кои се испорачуваат кон граѓаните се дигитализирани и на каков начин може да се пристапи кон истите? Доставете и линкови доколку имате.

2. Согласно определбите за дигитализација, дали општината издвојува посебна буџетска ставка за развивање на нови и иновативни алатки кои овозможуваат понатамошна дигитализација на услугите кои ги нуди Вашата општина? Доколку општината издвојува буџетски средства за дигитализација на услугите, ве молиме наведете го износот наменет за дигитализација на услугите наменети кон граѓаните на годишно ниво.

3. Дали се спроведува редовно годишно анкетирање на граѓаните за изјаснување кои нови општински е-услуги сакаат да им бидат понудени?

- Ако да, доставете копија од повикот за анкетирање и извештај од собраните мислења/предлози.
- Ако не спроведувате редовно годишно анкетирање, на кој начин го прибирате мислењето и предлозите од граѓаните за развој на нови е-услуги? Ве молиме објаснете го начинот на прибирање на мислењата и предлозите.

(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис
в) фотокопија
**г) електронски запис**
д) друго------------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
в) факс
**г) е-маил** [redacted] Замолуваме на истата адреса да ни биде доставена и потврда за прием на Барањето.
д) друго------------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата: [redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во [redacted] Датум 16.02.2024 година

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за информатичка технологија

Бр.11-34/2
20.02.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-34/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева
______________________
Емилија Илиевска
______________________

20.02.2024

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 22.02.2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 34/3 | | |

# ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**

Одделение за информатичка технологија

Почитувани,

Согласно доставеното барање за пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме дека:

1. Општина Битола, преку својата web страница, нуди повеќе услуги, како што се:
- Електронска проверка на даноци
- Е - одобрение
- ГИС платформа
- Услуги со обрасци, барања и уплатници
- Пријава на проблеми
- Видео запис и пренос на седници во живо
- Отворени податоци
- Во финална фаза е изработка на модул за електронска наплата на даноци
- Во финална фаза е изработка на систем за менаџирање со документи (дел од Интегриран систем за електроснки постапки и ГИС) кој дополнително ќе овозможи електронски поднесоци за постапките кои се нудат во општината.

2. Во повеќе буџетски ставки има предвидени средства за набавка и одржување на алатките за дигитализација на услугите. Износот не е идентичен за секоја година, туку прилагоден на тековните потреби, согласно фазата во која се наоѓаат модулите и алатките при подготовката на планот за јавни набавки за следната година. Во 2024 предвидени се: Набавка на услуги за изработка и дизајн на веб страна со вклучена миграција и модул за електронски постапки за субвенции, финиширање и одржување на горенаведените модули и апликации (распределени во повеќе ставки) , како и годишен наем на веб сервиси и сервиси во Cloud, кои се платформа на која стои Интегрираниот систем. Планот за Јавни набавки е јавно достапен и во него може да ги прегледате ставките и нивните износи подетално.

3. Општина Битола ги собира мислењата и предлозите преку Отворени Денови, кои се одржуваат неколку пати годишно, а се водат според модерните трендови, методологии за транспарентност, како и можностите за унапредување на квалитетот на понудените услуги. Дополнително, овозможена е постојана комуникација преку емаил со граѓаните, каде ги искажуваат своите барања и потреби, како и преку буџетски форуми, на кои врз основа на работните состаноци, се дефинираат проектите кои се вклопуваат во општинските програми за работа.

Раководител на одделение за ИТ
Игор Поповски

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 345 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-34/4
22.02.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **19.02.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted], по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-34** од **19.02.2024 година**, каде бара инофрмација за повеќе Урбанистички планови од Општина Битола.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted]днесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-34 на ден 19.02.2024 година. Во барањето наведе дека бара инофрмација за повеќе Урбанистички планови од Општина Битола.

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-34/1 од - 19.02.2024
2. Допис до Одделение за спроведување урбанистички планови со бр. 11-34/2 од 20.02.2024 година
3. Одговор од Одделение за спроведување урбанистички планови со бр. 11-34/3 од 22.02.2024 година

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 22.02.2024 година, под бр. 11-34/4

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

______________________

**Евгенија Чукалева**

______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА